# ЛАФ - МУАБЕТ

## РОДИТЕЛИТЕ НА ЦРВЕНИОТ КИЛИМ (I дел)



Дизајнерката и поранешна парти-девојка Патриша Тејлор секогаш е покрај нејзиниот син Киану Ривс. Така беше и на неговата премиера на филмот "Sweet November".



Кога Кејт Бекинсејл го промовираше мегахитот "Aviator", нејзината мајка Џуди Лое беше меѓу првите кои ѝ честитаа.

## ТРАНСФОРМАЦИИТЕ НА ПОЗНАТИТЕ



**Една од најдивите девојки во Холивуд, Никол Ричи, одлично се справува со трансформацијата на нејзината коса, и кратката и долгата варијанта беспрекорно ѝ стојат.**



**Иако сме навикнале секогаш да ја гледаме со долга коса, на општо задоволство на сите, Наоми Кембел ја скрати. Оваа промена наиде на многубројни позитивни критики и пофалби.**



**Долгогодишната "плавуша" Алиша Силверстоун, реши малку да експериментира, па неодамна на една забава во Беверли Хилс се појави со потемна боја на косата.**



**Кирстен Данст, која вообичаено има долга коса, реши малку да ја скрати, при што воопшто не ја промени бојата.**



Чарлиз Терон, ретко како кој, има голема поддршка од својата мајка Герда. Не случајно и Оскарот кој го освои во 2003 година ѝ го посвети токму нејзе.



Џен Вилијамс можеби е најзаслужната личност за денешната мегапопуларност на Роби Вилијамс. Препознавајќи го неговиот талент, мајка му го пријавила на аудиција за машки бенд, и оттогаш приказната е позната.

Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**